СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

НА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Година 21 број 14	Чешиново-Облешево 14.08.2025 година	Излегува по потреба

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за Локална Самоуправа („Службен весник на Република Македонија „ бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 43 од Статутот на Општина Чешиново -Облешево („службен гласник на Општина Чешиново - Облешево „ бр.6/2015 и 7 /2019) Советот на Општина Чешиново - Облешево на седницата одржана на ден 11.08.2025 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
за одобрување на Барање од Месна заедница Теранци за обезбедување реквизити за Забавен парк во с.Теранци

Член 1

Се одобрува барањето од Месна заедница Теранци, Општина Чешиново - Облешево да обезбеди реквизити во забавен парк во село Теранци кои ќе се постават кај Домот и новата црква и тоа: 2 лулашки клацкалки, 1 лизгалка, 2 лулашки со седалки и 3 клупи со потпирачки.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Чешиново - Облешево„.

Бр.08-1919/1
11.08.2025 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
За прогласување и објавување на Одлуката за одобрување на Барање од Месна заедница Теранци за обезбедување реквизити за Забавен парк во с.Теранци

1. Ја прогласувам Одлуката за одобрување на Барање од Месна заедница Теранци за обезбедување реквизити за Забавен парк во с.Теранци, која Советот на Општина Чешиново - Облешево ја донесе на седницата одржана на 11.08.2025 година.

2. Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3. Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1920/1
11.08.2025 год.
Облешево

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Далибор Ангелов

СОДРЖИНА Стр.

1. ОДЛУКА за одобрување на Барање од Месна заедница Теранци за обезбедување реквизити за Забавен парк во с.Теранци.....1
2. РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за одобрување на Барање од Месна заедница Теранци за обезбедување реквизити за Забавен парк во с.Теранци.....1
3. СОДРЖИНА.....1